РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1705/6
26-07-2024

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1705/1 од 04.06.2024 година, оформен по доставена пријава за проф д-р ------, претходен ректор, сегашен професор на Универзитетот ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-1705/1 од 04.06.2024 година да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.06.2024 година, поднесена е пријава за проф д-р ------, претходен ректор, сегашен професор на Универзитетот ------ и оформен е предмет бр. 12-1705/1 од 04.06.2024 година.
Подносителот на пријавата го обвинува проф д-р ------дека континуирано (од 2012 година се до денес) вршел повеќе злоупотреби на службената должност (организиран криминал) и тоа:
-Како ректор на универзитетот неоправдано отсуствувал од работа поради паралелно вработување во странство;
-Користел службено возило со рег. број ------ за приватни потреби од 05/2021 се до моментот на поднесувањето на предметната пријава;

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

-Како редовен професор не доаѓал на работа, а бил ставен на распоред за одржување на задолжителни предавања;

-Отворил паралелна архива на универзитетот со канцеларија во ------, каде со печат од универзитетот се правеле манипулативни документи спротивно на Законот за архивско работење;

-Извршил финансиски злоупотреби за време на вршење на функцијата ректор (2012-2021) година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање/а за прибирање информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со допис – Барање информација од Основното јавно обвинителство – ------, побарало информација дали од нивна страна бил оформен предмет против лицето ------, и кои дејствија биле превземени во постапувањето, односно дали била донесена конечна одлука по предметот.

Видно од допис – Известување РО. Бр. ------ од ------година, Основното јавно обвинителство – ------образложува дека Јавното обвинителство на Република Северна Македонија со писмо IX РО. Бр. ------ од ------година, доставило пријава поднесена од група универзитетски професори и Виш просветен инспектор ------, против проф д-р ------, за злоупотреби на службената положба извршени во период кога истиот бил ректор на универзитетот, како и по престанокот на функцијата. Предметот бил во работа кај предметниот јавен обвинител кој вршел обработка на истиот, а имајќи го предвид краткиот рок од добивањето на пријавата во ОЈО – ------ (------ година), по обработката на предметот ќе се превземеле понатамошни дејства во врска со пријавата.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи (ОЈО – ------), и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р В.З, Виш соработник
Контролирал: м-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: С.Д Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk